**20241712983**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

# РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ЧУМА КАЈ МАЛИ ПРЕЖИВАРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА РОМАНИЈА

Член 1

Во Решението за забрана на увоз и транзит на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на чума кај мали преживари во Република Северна Македонија по потекло од Република Романија („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 156/24), членот 1 се менува и гласи:

„Со ова решение заради заштита од внесување на вирусот на чума кај мали преживари (Peste des Pestitis Ruminants) се забранува увоз и транзит во Република Северна Македонија на:

1) живи домашни и диви овци и кози, семе, јајце клетки и ембриони од домашни и диви овци и кози кои потекнуваат од Република Романија и

2) месо од домашни и диви овци и кози, производи од месо од домашни и диви овци и кози, преработки од месо од домашни и диви овци и кози, млеко од домашни и диви овци и кози, производи од млеко од домашни и диви овци и кози, како и нуспроизводи од домашни и диви овци и кози, кои потекнуваат од следните региони во Република Романија:

- Тулча/Tulcea,
- Тимиш/Timiş,
- Браила/Braila,
- Чалараши/Calarasi,
- Иаломита/Ialomita,
- Галати/Galati,
- Караш-Северин/Caras-Severin и
- Констанца/Constanţa.”.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02 – 923/6
14 август 2024 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство
в.д. Директор,
д-р **Оливер Миланов,** с.р.